**20130070267**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 469 став (6) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10 и 24/11), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и условите за поднесување на годишната сметка во електронска форма, за субјектите кои сметководството го водат согласно Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување и усвоениот меѓународен стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти.

Член 2

Субјектите од член 1 на овој правилник, поднесувањето на годишната сметка во електронска форма можат да го извршат преку интернет, на веб-локација на Централниот регистар на Република Македонија за што на подносителите ќе им се одобри пристап до Системот за електронско поднесување на годишни сметки (во понатамошниот текст: Систем) со користење на единствено корисничко име и лозинка.

Член 3

Субјектите од член 1 на овој правилник за поднесување на годишната сметка во електронска форма треба да поседуваат:

- валидна адреса на електронско сандаче за примање и праќање на електронска пошта;
- квалификуван дигитален сертификат, заради потврда на идентитетот на подносителот и електронски потпис на лицата овластени за потпишување на годишната сметка и
- платежна картичка наменета за интернет трговија поддржана од Casys интернационален картичен систем.

Член 4

Субјектите од член 1 на овој правилник поднесувањето на годишната сметка во електронска форма ќе го вршат со користење на единствено корисничко име и лозинка за пристап до Системот и со директно пополнување на обрасците на билансните шеми во електронска форма.

Годишната сметка во електронска форма се поднесува доколку истата е електронски потпишана со валиден квалификуван дигитален сертификат на лицата овластени за потпишување на годишната сметка и податоците во обрасците на билансините шеми од годишната сметка се пополнети согласно прописите за сметководство, а за нејзиниот прием се доставува електронска порака до подносителот.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и условите за поднесување на годишната сметка во електронска форма („Службен весник на Република Македонија” бр. 9/09).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 12-34730/7 | Министер |
| 31 декември 2012 година | за финансии, |
| Скопје | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |